Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Бр. 08-428/8

Скопје, 26-02-2025 година

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА**
**ВРХОВНИОТ СУД ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ:** Достава на Извештаи од извршени надзори

Почитувани,

Министерството за правда согласно член 84 став (5) од Законот за судовите, во прилог на овој допис го доставува Извештајот бр.08-514/1 од 19.02.2025 година од извршениот надзор во Вашиот суд од страна на Комисијата за надзор над функционалноста над АКМИС.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвила: Славица Жерајиќ, раководителка на Одделение
Контролирала: Николина Микеска Костадиновска, Раководител на Сектор
Одобрил: Никола Прокопенко, државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр.08-514/1
датум 19-02-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ВРХОВЕН СУД

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.
Комисијата за надзор на ден **11.12.2024** година во **09:15** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во Врховен суд за контролниот период од 2022 до 2024 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2021 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот судија Беса Адеми и Милчо Велјаноски, шеф на кабинет и портпарол на судот.

Врховниот суд работи согласно ISO 9001 стандард за квалитет.
Во судот е обезбедена безбедносна и административна зона и посебни простории за таа намена.
Врховниот суд на својата веб страна ги има објавено сите интерни акти значајни за фунционирањето и работата на судот со што се придонесува кон зајакнување на транспарентноста и отвореноста на судот кон јавноста.
Во судот донесени се Процедури за кабинетот на претседателот, процедури за јавен интерес, процедури за работа на оддели и писарници.
Врховниот суд во рамките на Советот за отворено судство има преземено иницијатива за прилагодување на веб страниците на судот спрема потребите на лицата со оштетен вид и слух. Дополнително беше истакнато дека се прават напори да се обезбедат принтери со користење на брајова азбука.
На првиот кат 2 судници се прилагодени за одржување на јавните седници: граѓанска и кривична сала.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Деловникот на судот е донесен во 2022 година, а измената од 2024 година е значајна затоа што се овозможи општите седници на судот да се отворени и јавни.

АКМИС е автоматизиран комјутерски систем за управување со предметите воведен во судовите во 2010 година и неколку пати е надградуван. Новите технологии, можности и постојната функционалноста на системот ја наметнуваат потребата од надградба на АКМИС, односно воведување на нов современ централизиран систем како во земјите во регионот.

> ПРЕПОРАКИ: Надградба на АКМИС
> **Централизирање на системот. Поврзување во хоризонтала и во вертикала на судовите и поврзување на системот со други институции.**
> **После централизирањето ќе треба да се оформи нов ИТ центар во Врховен суд со поголем број на вработени.**

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Годишна програма за работа редовно се донесува секоја година**

Во судот има заложба за објавување на сите акти од значење за работата на судот, што беше истакнато од претседателката на судот и шефот на кабинет.
По увидот и на веб страницата на судот, програмата за работа за 2023 и 2024 година се објавени и истите се донесени на општа седница на Врховниот суд, во месец февруари тековната година, а за 2022 година навремено била донесена на 28.12.2021 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Пополнетоста на Врховниот суд е на критично ниво и со години station наназад судот е во незавидна положба за обезбедување на доволен број на судии за постапување. Систематизацијата од 28 судиски места со анализата на Судскиот совет е намалена на 26 судиски места. Во судот заедно со претседателката која не суди предмети, **пополнети се само 11 судиски места што укажува на критична пополнетост на највисокиот суд во земјата од само 42%.**

ПРЕПОРАКА:
Судскиот совет да изврши итен избор на судии со цел да се овозможи пополнетост на Врховниот суд со судии.
Долгиот временски период во кој Врховниот суд и другите судови се оставени без судии, го доведува во прашање функционирањето на судството и владеење на правото и потребно е да биде подлабоко анализирано, со цел да се адресираат сите чинители кои се одговорни за настанатата „критична" состојба во судовите.
Прашањето е потребно да се отвори на највисоко ниво, а одговорноста треба да се лоцира и кај извршната и кај законодавната власт.
Судскиот совет согласно извршената анализа за потребен број на судии и пополнетост на судовите треба да одговори на прашањата за оддолговлекување на постапките за избор во највисокиот и другите судови.
Дополнително, во сите досегашни извршени надзори на Комисијата за надзор во судовите дадени се препораки за Судскиот совет за избор на судии. Ова се констатирани состојби повеќе години station наназад и истите не се променети.
Комисијата за надзор само ја констатира состојбата во судовите; препораките кои се даваат се во насока на подобрување на состојбите и превентивна надворешна контрола за почитување на законските прописи во однос на унифицирање на работата на судовите, без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судството. Комисијата во однос на потребата за избор на судии постојано низ годините наназад дава препораки, со цел да не дојде до зголемување на бројот на нерешени предмети и застој кај предметите, како и несовладување на приливот на предмети, заради почитување на начелата за судење во разумен рок.
Последната констатирана состојба со вкупен број на судии во постојната судска мрежа е пополнетост во судовите од 20-50 %, со исклучок на неколку судови.
Ова доведува до критична состојба во однос на обезбедувањето на услови за да се овозможи почитувањето на фер судење во разумен рок, како и одговор на барањата за државата за испорака на квалитетна судска одлука во разумен рок за заштита на правата на граѓаните.

Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да извршат соодветни задолжителни барања до Министерството за финансии да се овозможи вработување на минимален капацитет во судовите (минимална пополнетост од 75% од систематизација) под кои не може судот да опстои за навремено постапување по предметите. Министерството за финансии задолжително да овозможи минимална пополнетост од 75% во судовите, во спротивно одговорноста за ненавремено испорачување на правдата да ја сноси Владата на Република


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија. Доколку судовите се пополнети со минималниот процент од 75% и не успеат да го совладаат приливот на предмети и не овозможат ажурност на судот, претседателот на судот треба да одговара дисциплински пред Судскиот совет, судскиот администратор пред претседателот на судот, а судските службеници дисциплински пред судскиот администратор.

Формирани се следниве оддели: Оддел за казниви дела (Кривичен оддел), Оддел за граѓански дела (Граѓански оддел), Оддел за судење во разумен рок, Специјализиран совет (УСПИЖ и УССЖИ) и Оддел за судска практика.
Во кривичен оддел судат 5 судии. Доколку одреден судија бара изземање, еден судија мора да биде дополнет од граѓанските судии со цел да се овозможи законскиот број на судии за да може да се постапува по предметот.
На овој начин се доведува во прашање специјализацијата на судиите и квалитетот на одлуките на највисокиот суд.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

СУ 03 бр.13/24 од 09.01.2024г., Су 03 бр.13/24-1 од 07.02.2024 измена
Су 03 бр.13/24-2 од 21.05.2024 , Су 03 бр.13/24-3 од 24.06.2024 г.
СУ -03 бр.13/24-4 од 05.09.2024 - заради заминување на судија во пензија.

Во распоредот се забележани времени совети, за што беше побарано од судот да се даде поконкретно објаснување зошто и кои се тие времени совети за конкретни предмети. Одговор од судот:

*„На иницијатива на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија се воведе нов модул со кој преку АКМИС системот автоматски или по случаен избор, се одредува заменик претседател и заменик член со советот од редот на судиите кои не учествувале во ниту една фаза од постапката.*

*Дополнително, се врши унапредување на модулите на АКМИС системот, а со цел да се имплементираат нови функционалности на АКМИС системот со кои ќе се надмине констатираната состојба и воедно ќе се афирмира концептот на унапредена примена на автоматизираниот систем согласно принципите на дигитализација.*

*Согласно измените во составот на советите, предметите кои се со автоматска распределба доделени на судиите, а истите не се реферирани или не е донесена одлука, автоматски ќе се прераспределат преку АКМИС Програмата, согласно одредбите од Судскиот деловник.“*

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Да, распоред и план за годишен одмор, се определуваат дежурни судии.
Су 03 бр.430/24 план и распоред за годишни одмори за судии и судската администрација

5. **Формиран Центар за информатика (чл.99 од ЗС)**

Во Врховниот суд формиран е Центар за информатика во кој се вработени 4 информатичари.

6. **Донесен подзаконски акт од чл.99 став (8) од Закон за судовите**

Претседателката на судот на 18 јануари 2024 година, согласно член 99 став 8 од Законот за судовите, донела Правилник за начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите во Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.13/2024 од 22.01.2024 година).

7. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Да, формиран е оддел за судска практика, претседателката на судот е истовремено претседател на оддел за судска пракса.
Во однос на поврзувањето на судската практика во АКМИС, изработено е решение за судска практика во кое се преземаат сите верификувани предмети и се дополнуваат со мета податоци за полесно и напредно пребарување. Истото се користи за потребите на судот, а во смисла на конзистентноста на судските одлуки.

8. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Во судот има формирана канцеларија за односи со јавност.

9. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Нема судски администратор од 2023 година, кога истиот заминал во пензија. Планот за вработување иако бил одобрен, средствата за 2024 година не биле доделени.

> ПРЕПОРАКА:
> **Преку Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии да се обезбедат средства за вработување на судски администратори во судовите каде се предвидени овие работни места, од причина што овластените судски службеници извршуваат работни задачи од повеќе работни места за кои не се платени и претставува оптоварување на човечките ресурси, но и ефективноста и квалитетот на работата на судот.**

Одлука за распоред на судски службеници донесува претседателката на судот.

Су - 03 бр.14/24 од 09.01.2024, со 5 измени во текот на 2024 година.

Тендер за судска полиција бил спроведен, преку кој биле набавени униформи за судската полиција во судот.

**10. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)**

Су - 01 бр.12/24-1 од 22.07.2024 година.

Во судот има службени белешки во поглед на работата на писарниците.

**11. Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Записник од Општа седница - Су 03 бр.654/24 од 30.09.2024 година.

**12. Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Су бр.240/24 од 12.06.2024 - кривичен оддел
СУ бр.61/24 од 15.02.2024 - оддел за судење во разумен рок
Су бр.312/24 од 4.10.2024
Су бр.144/24 од 12.04.2024


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

13. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Соопштенија и заклучоци од Општа седница редовно се објавуваат на веб страната на Врховен суд.

14. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су01 бр.4/24-1 од 29.02.2024 година

15. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Да, редовно се доставуваат, објавени на веб страницата на судот.

16. **Подготвени извештаи за работата на пониските судови**

Извештај од посетите на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на основните и апелационите судови од 2024 година, објавен на веб страницата на судот.
Ова е нова позитивна воспоставена пракса на Врховниот суд за посета на судовите согласно закон и потребно е и во иднина редовно да се извршува.

17. **Надзор над работата на нотарите.**

Тема на состаноците со пониските судови е работата на нотарите.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

18. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Оваа година за првпат се организирани обуки за мрежи.
Преку проектот Rule of law започнати се стручни обуки кои ќе се спроведуваат во наредните три години.

За АКМИС обуките се вршат преку Академијата за судии и јавни обвинители.

## 19. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

ИТ опремата во судот е поприлично нова. Опремата во судот е набавена од средства од буџетот на судот и преку јавни набавки и останати други странски донации.
Еден дел од опремата од ИПА 2010 набавена во 2015 год веќе е застарена, резервни делови тешко се набавуваат и има потреба да биде заменета со нова, а воедно и софтверот – веб страните треба да биде заменети. Постојат работни станици за сите вработени, за секој судија и за сите дактилографи.
Има 5 судници, каде во секоја судница има по една работна станица, со доволно печатари за сите судии, а по потреба опрема се носи во свечените сали.
Сервер салата на Врховен суд е според соодветни безбедносни стандарди за влез/излез (пристап). Во судот има нов сервер за АКМИС.
Информатичарите водат редовна евиденција за потребите на информатичката опрема и заедно со претседателот на судот и в.д. судскиот администратор од средствата на судот редовно ја дополнуваат потребната опрема за да обезбедат функционалност на судот.

## 20. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Извршен беше увид во хартиена форма на списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот постојат, но не се внесуваат како акти во АКМИС.
Список за распоредување на кориснички групи: СУ-03 29/24-1 од 21.05.2024,
СУ-03 29/24-2 од 24.06.2024

## 21. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

После извршениот увид, констатирано е дека постојат внатрешни процедури за привилегии за работа со АКМИС системот.

## 22. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Во Врховниот суд распореди на дежурства во судот има само за времетраење на годишните одмори. Од страна на судот беше укажано следново:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Со оглед дека во Врховниот суд не се одржуваат јавни судења како во пониските судови, освен јавни седници, не се внесуваат календари од таков тип, но, на иницијатива на претседателот на Врховниот суд, ќе се овозможи опција за засебни календари за јавни седници прилагодени на Врховниот суд, како и одржувањето на општите седници со оглед дека со измените на деловникот истите се отворени за јавноста.

**23. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни предмети во приемното одделение.
Еден скенер во приемното одделение за кривични предмети, поднесоците од разумен рок – писарница за судење во разумен рок и граѓански предмети.

**24. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием на предметите од страна на судиите.

**25. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Во писарниците се врши автоматската распределба и прераспределба на предмети од страна на водители на писарница.
За администратори на АКМИС со решение се назначени сите 4 вработени лица во Центарот за информатика во Врховниот суд.
Решението за назначување на администратор на АКМИС е заведено под Су бр.07 166/23 од 11.09 2023 година.

**26. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети (175 став 5 СД)**

Увид во хартиена форма на следниве одлуки:
Су 03 бр.480/23 од 12.06.2023, Су 03 бр.551/24 од 27.06.2024
Су 03 бр.310/24 од 26.04.2024 , заради заминување на годишен одмор
Во АКМИС беше направен увид во следните одлуки за кои се внесуваат општи генералии во делот на податоци, додека <u>одлуките како целосен акт не се внесени</u> во АКМИС системот.
Су -03 бр.129/21, Су -03 бр.405/22, Су -03 бр.470/22, Су -03 бр.669/23 Су -03 бр.419/23, Су-03 бр.28/24 и Су-03 бр.355/24.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 27. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање

Увид во хартиена форма на следните одлуки СУ бр. ИЗЗ-101/24 од 05.09.2024 година, СУ ИЗЗ бр.102/24 од 05.09.2024 година.
Увид во АКМИС на следните одлуки:
СУ бр. ИЗЗ-13/22, СУ бр. ИЗЗ-163/23 и СУ бр. ИЗЗ-19/24.
Одлука за изземање на судија носи претседателката на судот.
Кога се иззема судија известител, предметот се дава на повторна автоматска прераспределба во АКМИС. Заради мал број на судии во Врховниот суд кога се иззема судија кој што е член на советот тогаш автоматски се бира преку АКМИС заменик член од другите судии од другите оддели/совети. За ова е изработен нов модул во АКМИС кој е имплементиран само во Врховниот суд, додека се предлага истиот да може да се примени и во другите судови.
Модулот во судот е овозможен на барање на претседателката на судот од Едусофт.

ПРЕПОРАКА:
**За да се овозможи функционалност на овој модул, Работното тело за стандардизација треба да изврши анализа дали е применлив овој модул, кои се резлутатите во Врховниот суд и каде во другите судови би бил овој модул имплементиран.**
**Доколку остане во примена само во Врховниот суд, сепак неговата функционалност треба да биде овозможена низ стандардна формална процедура да биде одобрен како модул од Работното тело за стандардизација на постапките, како и да се предвиди со Судскиот деловник и внатрешните процедури.**

## 28. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС

Нема рачна распределба на предмети.

## 29. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот

Комисијата изврши увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за период од 2022 до 2024 година:
Поднесоци од разумен рок:

ПСРРК- 17/22 - Примен и поднесен на ден 27.04.2022, заведен на ден 28.04.2022, примен кај судија на ден 05.05.2022, автоматски распределен на ден 28.04.2022 во 14:56 часот.
ПСРРУ- 25/22 - Примен и поднесен на ден 14.06.2022, заведен на ден 15.06.2022, примен кај судија на ден 16.06.2022 автоматски распределен 15.06.2022 година.
Граѓански предмети:
РЕВ3-77/22 - Примен и поднесен на ден 29.06.2022, заведен на ден 29.06.2022, примен од страна на судија на ден 16.06.2022 автоматски распределен на ден 29.06.2022, прераспределба- рачно 13.03.2023 врз основа на Су-03 бр.220/23 од 10.03.2023, прераспределба автоматски на ден 19.05.2023 врз основа на Су-03 бр.419/23 од 19.05.2023 година.
Кривичен предмет
КВП2-123/22 Примен и заведен на ден 05.08.2022, примен од страна на судија на ден 14.09.2022, автоматски распределен на ден 05.08.2022 во 14:38 часот.
ПСРРГ- 63/23 - Примен, поднесен и заведен на ден 14.07.2022, примен од страна на судија на ден 04.09.2022, автоматски распределен на ден 14.07.2022 во 14:56 часот.
КЗ3-14/23 - Примен, поднесен и заведен на ден 25.05.2023, примен од страна на судија на ден 25.05.2023, автоматски распределен на ден 25.05.2023 во 14:38 часот.
Граѓански предмет
РЕВ2-156/24 - Примен и поднесен на ден 27.05.2024, заведен на ден 28.05.2024, примен од страна на судија на ден 20.11.2024, автоматски распределен на ден 28.05.2024 во 14:46 часот, прераспределба на ден 25.06.2024 врз основа на СУ-03 бр.405/24-2 од 19.06.2024 година.
Кривичен предмет
ВКЖ1-36/24 - Примен и поднесен на ден 28.06.2024, заведен на ден 03.07.2023, примен од страна на судија на ден 03.07.2023, автоматски распределен на ден 03.07.2023 во 14:30 часот.

## 30. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, 12:40 часот – нема предмети. Автоматската распределба се извршува после 14 часот.

## 31. Уписници што се водат во хартиена форма

Не се користат уписници во хартиена форма, односно се користат уписници во електронска форма согласно АКМИС системот.

32. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Во две сали/судници е инсталирана опремата за тонско снимање која е инсталирана и тестирана.
Во салата за јавни седници е инсталирана и тестирана надградената опрема за тонско снимање и во Кривичната судница е инсталирана и тестирана опрема за тонско и видео снимање. (True Records)
Новата опрема за тонското снимање е компатибилна, тестирана. Во моментот на надзорот бевме известени дека покрај успешната инсталација и конфигурација сепак не било направено последно одобрување (верификација) од страна на овластено ИТ лице од проектот за инсталација. Досега не се користела опремата, но предвидена е да се користи за јавните седници.

Предлог од судот: Во однос на опремата, потребна е поквалитетна опрема за одржување на Општата седница на судот која е јавна.

33. Електронска достава

Не се врши електронска достава.

РАБОТНО ТЕЛО ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ВО СУДОВИТЕ

34. **Формирање на работно тело (член 99 од Законот за судови), редовно одржани седници најдоцна до 5-ти во месецот, записници и заклучоци објавени на веб страница (чл. 9-чл.12 Судски деловник)**

Работното тело е формирано со Одлука Су 03 бр.58/24 од 24.01.2024 и една измена на одлуката заради заминување на судија во пензија и во Судски совет.
Во изминатиот период не се одржувале редовно седници на работното тело. Во текот на 2023 година била одржана само 1 седница. Барањата доставени од судовите се доставуваат до Едусофт редовно и ако има услови веднаш да се реши проблемот, тоа е во директна комуникација помеѓу судот и Едусофт.

ПРЕПОРАКА:
**Работното тело треба редовно да одржува седници, еднаш месечно, најдоцна до 5-ти во месецот, согласно член 12 став 1 од Судскиот деловник, со цел**

**стандардизација на постапките во АКМИС. Барањето од секој суд мора да биде разгледано од работното тело, да биде донесена соодветна одлука за прифаќање или неприфаќање и потоа да се спроведе одлученото.**
**Ова е потребно за АКМИС да биде унифициран во сите судови и да се овозможи исто постапување во сите судови.**
**Директни барања со ЕДУСОФТ за било која промена без одлучување или без одобрување од Работното тело или без известување е спротивно на одредбите на Судскиот деловник.**

Во врска со објавувањето на упатствата и заклучоците од Работното тело, истите треба да бидат достапни до сите судови. Од страна на судот комисијата беше известена дека во процес е усвојување на посебен заклучок за начинот на објавување.

## 35. Донесени акти за унифицирање (чл.3 став 3 од ЗУДПС)

Согласно доставеното известување од судот:
Конститутивната седница на Работното тело за АКМИС е одржана на 25.02.2010 година.
Во текот на работењето 2010-2025 година се менуваат претседавачите, членовите и кооринаторите на Работното тело. Во текот на работењето 2010-2025 година членовите на Работното тело за АКМИС извршиле унифицирање на: терминологијата употребена во АКМИС, поставените шифрарници на централно ниво, методологијата на внесување на податоците, типови податоци, извештаи и други работи потребни за унифицирање на постапките.
ПРЕПОРАКА: Судот и формално да ги донесе овие акти.

## 36. Примена на Заклучоци на Работното тело за стандардизација на постапките при користење на автоматизираниот систем во судовите и нивна примена во судовите (чл.3 ст.4 од ЗУДПС)

Извештај од Работно тело за стандардизација СУ 03 бр.69/24 од 29.01.2024 година Едусофт ја следи примената на заклучоците од Работното тело.

## 37. База на судски одлуки (член 10 ст.1-6 од ЗУДПС)

Во судот постои база на судски одлуки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ПРЕПОРАКА:
Врховниот суд презема активности за унапредување на судската пракса. Потребно е да ја промовира насоката за користење/употребата на базата за судските одлуки – судската пракса при решавањето на предметите на начин на кој ќе се овозможи заштита на личните податоци согласно прописите.
Истовремено, да се разгледа можноста за да се имплементира судската пракса во АКМИС за идните судења на предметите, согласно споделените позитивни искуства од земјите во регионот или пошироко.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

**38. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот (член 16 СД)**

Су 03 бр.30/24 од 15.01.2024 г и Су 03бр.30/24-1 од 16.09.2024 година

**39. Годишен план за управување со движењето на предметите**

Донесен е Годишниот план и заведен е под СУ03 бр. 71/24-1 од 13.03.2024 година.

**40. Внатрешни процедури**

Внатрешни процедури за одделни процеси при управувањето во движењето на предметите СУ 03 бр.71/24 од 30.01.2024 година.
Процедури за работа на работното тело за управување со движењето на предметите 03СУ.бр.45/24-1 од 29.01.2024 година.

**41. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Сите редовно се заведени , пример Су 01 бр.11/24 од 19.07.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

# ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

## 42. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период

Преку објавување на секојдневни соопштенија на веб страницата, брифинзи и директни контакти со претставници на медиумската заедница.
Отворени денови на судот, каде се покануваат студенти, ученици, граѓани, претставници на меѓународни организации и граѓанскиот сектор, како и директни состаноци со граѓаните.
Судот е дел од Отворено судство, партнерство за отворена власт. Со измените на Деловникот се овозможува отвореност на Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија за јавност.

## 43. Огласна табла на судот

Врховниот суд користи електронска огласна табла, а видео дисплеите не се активни.

## 44. Простории за судии поротници и за адвокати

Се покануваат адвокати и јавноста на општа седница на Врховниот суд, која е отворена за јавноста со измените на Деловникот .

## 45. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2022, 2023 и 2024 година.

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

## 46. Архива

Архивата на судот била пренатрупана со стари предмети. Претседателката на судот со шефот на Кабинет успеале да ги расчистат подрумските простории на судот. Со Државниот архив и со лиценцирана фирма согласно закон поништиле архивски материјал за што има соодветен записник. Архивата во судот е сместена во посебна

просторија за архива, посебно се активни предмети, а посебно се чуваат од трајна вредноста - барање за заштита на разумен рок.

Архивата во еден дел била сместена во Апелационен суд Скопје, во подрумските простории на судот на несоодветни и дотраени дрвени сталажи, заради што била ангажирана фирма и врз основа на правилата за доверливост, предметите биле селектирани во посебни кутии. Голем дел биле оштетени и тие кои ги исполнувале условите за поништување од законот биле поништени.

До Управен суд согласно Правилник биле доставени сите стари предмети - цела документација со архивирани управни предмети согласно претходна законска надлежност на Врховниот суд за постапување по управни предмети.

Увидот заврши на ден 11.12.2024 во 13:15 часот.

Членови на Комисија за надзор

1. Андреја Весов ______________________
2. Славица Жерајиќ ______________________
3. Даниела Трпева ______________________
4. Михајло Војтикив ______________________
5. Катерина Крстевска Савовска ______________________


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk